Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

Број: / Numer: 03-2744/1

13.07.2026 година / viti

СКОПЈЕ - SHKUP

# Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2025 година

# Содржина:

Структура на вработените во индустријата ..................................................................... 3
Структура на вработените во МРТ ............................................................................. 8
Структура на вработените во комерцијалните телевизии ..................................................... 11
Структура на вработените во комерцијалните радиостаници ............................................................ 17

# Структура на вработените во индустријата

Во 2025 година во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија биле ангажирани вкупно **1.973 лица.** Од нив, **572 лица (29 %)** работеле во јавниот сервис – Македонската радио-телевизија (МРТ), а **1 401 лице (71 %)** во приватните телевизии и радија.

Структура на вработените во индустријата

| Кадар | Вкупен број | Образование* | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 665 | 519 | 102 | 1 | 501 | 164 |
| Уредници | 164 | 136 | 26 | 2 | 149 | 15 |
| Управители/директори | 71 | 45 | 26 | 0 | 63 | 8 |
| Технички кадар (инженери и техничари) | 224 | 57 | 162 | 5 | 196 | 28 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 589 | 192 | 369 | 3 | 478 | 111 |
| Маркетинг | 62 | 44 | 18 | 0 | 39 | 23 |
| Преостанат кадар | 198 | 75 | 122 | 1 | 124 | 74 |
| **Вкупно** | **1973** | **1068** | **825** | **12** | **1550** | **423** |

**Напомена:** Вкупниот број лица во колоната за образовна структура е за 68 помал од бројот прикажан во колоните за вкупен број вработени и работен статус, бидејќи за 68те лица кои се хонорарно ангажирани во МРТ, јавниот сервис не достави податоци за степенот на образование

## Движење на бројот на вработени

Во однос на претходната година бројот на вработени во Македонската радиотелевизија е намален за 37 лица, што е продолжување на трендот на намалување на бројот на вработени од година в година. Намалување имало и кај лицата ангажирани во комерцијалните телевизии (за 52 лица), но причината за тоа е намалениот број на телевизии опфатени со анализата[1], а не реално намалување на вработените кај постојните

[1] Поради тоа што во 2026 година престанаа да важат дозволите на ТВ Сонце и ТВМ немаше можност да се обезбедат податоци за бројот и структурата на вработените во овие две телевизии во 2025 година (во 2024 година во ТВ М биле ангажирани 12 лица, а во ТВ Сонце 36 лица), а локалната телевизија ТВ Плус од Куманово не достави податоци за бројот и структурата на вработените во 2025 година (во 2024 година во оваа телевизија биле ангажирани 14 лица).

телевизии. Кај приватните радиостаници бројот на вработени останал речиси непроменет, односно се зголемил само за едно лице.

## Структура според работниот статус

Од вкупниот број на ангажирани лица, **1 550 (79 %) биле во редовен работен однос**, а **423 лица (21 %) биле хонорарно ангажирани**.

Од лицата во редовен работен однос 504 работеле во МРТ, 858 во комерцијалните телевизии и 188 во комерцијалните радиостаници.

Структурата според работниот статус по сектори, покажува дека во јавниот радиодифузен сервис 88 % од ангажираните лица биле во редовен работен однос, а кај комерцијалните телевизии 79 %. Комерцијалните радиостаници се издвојуваат по значително пониско учество на кадарот ангажиран во редовен работен однос – само 59 %, што во најголема мера е поврзано со нивните помали организациски и финансиски капацитети.

Вработени во редовен работен однос и хонорарно ангажирани



## Структура според работното место

Речиси две третини од вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустријата биле ангажирани како **новинари (665 лица, односно 34 %) и како реализаторски кадар (589 лица, односно 30 %)**.

Останатите 36 % од лицата биле ангажирани како технички кадар (224 лица), уредници (164 лица) преостанат кадар (198 лица), управители/директори (71 лице) и во секторите за маркетинг (62 лица).

Учество на вработените според работни места




## Родова структура

Од вкупно 1.973 вработени, **1.196 биле мажи (61 %), а 777 жени (39 %)**.

Мажите биле побројни кај реализаторскиот и кај техничкиот кадар, управителските позиции и преостанат кадар.

Во само две категории имало повеќе жени од мажи - новинарскиот кадар (382 жени наспроти 283 мажи) и секторот за маркетинг (38 жени наспроти 24 мажи).

Родова застапеност на вработените во индустријата




## Структура според образованието

**Високо образование имале 1.068 лица**, што претставува 54 % од вкупниот број на вработени во индустријата. **Со средно образование биле 825 лица**, односно 42 % од вработените, а 12 лица (1 %) имале друг степен на образование. Останатите 3 % се лицата хонорарно ангажирани во јавниот сервис, за кои МРТ не достави податоци за степенот на образование, поради што тие не се вклучени во анализата.

Структура на вработените според степенот на образование

| Кадар | ВСС | ССС | друго |
|---|---|---|---|
| Новинари | 519 | 102 | 1 |
| Уредници | 136 | 26 | 2 |
| Управители/директори | 45 | 26 | 0 |
| Технички кадар | 57 | 162 | 5 |
| Реализаторски кадар | 192 | 369 | 3 |
| Маркетинг | 44 | 18 | 0 |
| Преостанат кадар | 75 | 122 | 1 |
| **Вкупно** | **1068** | **825** | **12** |

Највисок удел на лица со високо образование има кај уредниците (83 %), новинарите (78 %) и лицата во маркетинг секторот (71 %).

## Структура според етничката припадност

**Македонците и Албанците го сочинувале мнозинството од кадарот, односно 94 % од вкупниот број вработени** (Македонците учествувале со 74 %, а Албанците со 20 %).

Структура на вработените според етничка припадност




Останатите етнички заедници имале значително помало учество, и тоа, вработените од турска националност учествувале со 2 %, додека Ромите, Власите, Србите и Бошњаците учествувале со по околу 1 % во етничката структура на вработените. Најголем дел од Македонците и од Албанците работеле како новинари (479 Македонци и 149 Албанци).

## Структура на вработените во МРТ

Во јавниот сервис во 2025 година биле ангажирани вкупно 572 лица. Од нив, 442 биле вработени во Македонската телевизија, а 130 работеле во Македонското радио.

Во однос на 2024 година, бројот на вработени се намалил за 37 лица (за 27 во МТВ и за 10 во МРА). Според Годишниот извештај за работата на МРТ за 2025 година, работниот однос на најголем број од вработените престанал поради стекнување право за пензионирање. Меѓу нив најбројни биле новинарите, реализаторскиот и техничкиот кадар. Во 2025 година немало нови вработувања во јавниот сервис.

**Табела 3: Структура на вработените во МРТ**

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 231 | 153 | 35 | 0 | 188 | 43 |
| Уредници | 55 | 55 | 0 | 0 | 55 | 0 |
| Управители/директори | 3 | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| Технички кадар (инженери и техничари) | 75 | 19 | 55 | 1 | 75 | 0 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 193 | 51 | 116 | 1 | 168 | 25 |
| Маркетинг | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Преостанат кадар | 15 | 5 | 10 | 0 | 15 | 0 |
| **Вкупно** | **572** | **286** | **216** | **2** | **504** | **68** |

Од вкупно 572 вработени во МРТ, 504 биле во редовен работен однос, а 68 со хонорарен ангажман. Редовно вработените доминирале во структурата на кадарот и во Македонската телевизија (87 %) и во Македонското радио (92 %).

Вработени во редовен работен однос и хонорарно ангажирани

| | 2024 година | | 2025 година | |
|---|---|---|---|---|
| | Македонска телевизија | Македонско радио | Македонска телевизија | Македонско радио |
| Редовен работен однос | 409 | 129 | 385 | 119 |
| Хонорарно ангажирани | 60 | 11 | 57 | 11 |

Две најбројни работни позиции во јавниот сервис биле новинарскиот и реализаторскиот кадар, кои заедно учествувале во структурата на вработените со 74 %. Поточно, од вкупно 572 вработени 231 лице биле новинари, а 193 лица биле реализатори. Трета работна позиција по бројност бил техничкиот кадар во кој работеле 75 лица. Во категоријата преостанат кадар биле вработени 15 лица, а управители имало тројца.

Процентуално учество на вработените според работни места




Во 2025 година, во однос на претходната година бројот на новинари е намален за 12 лица, на уредниците за пет лица, на техничкиот кадар за седум лица и на реализаторскиот кадар за 13 лица. Кај управителите и преостанатиот кадар бројот на вработени останал непроменет.

Структура на вработените според работни места во 2024 и 2025 година



Во јавниот сервис, мажите биле побројни во вкупниот број на вработени (55 %), особено во реализаторскиот и техничкиот кадар. На овие работни места биле вработени речиси три пати повеќе мажи од жени.

Жените биле побројни на новинарските и уредничките позиции - бројот на новинарки бил за 43 лица поголем од бројот на новинари, а бројот на уреднички за 15.

Родова застапеност на вработените во МРТ




Најголем дел од редовно вработените во МРТ имале завршено високо образование – 286 лица, 216 лица биле со средно образование, а две лица со друг степен на образование.

Структура на вработените во МРТ според етничка припадност



Вработените со високо образование најмногу биле ангажирани на новинарски позиции, а вработените со средно образование како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар.

63 % од вработените биле Македонци, 26 % Албанци, 5 % Турци, по 2 % Власи и Срби, и по речиси 1 % Роми и Бошњаци.

Најголем дел од вработените од македонска националност работеле како реализатори (39 %), додека речиси половина од вработените од албанска националност биле ангажирани како новинари (48 %).

## Структура на вработените во комерцијалните телевизии

Број на вработени во комерцијалните телевизии во 2025 година изнесувал 1.085 лица, што претставува повеќе од половина (55 %) од вкупниот број вработени во индустријата. Најголем дел од нив, односно 876 лица (81 %) работеле во телевизиите што емитуваат програма на државно ниво. Во регионалните телевизии работеле 139 лица, додека во локалните биле вработени 70 лица.

**Број на телевизии и вработени во телевизискиот сектор**




Во редовен работен однос биле 858 лица (89 %), а хонорарно биле ангажирани 227 лица (21 %). 88 % од новинарите и 80 % од реализаторите биле во редовен работен однос, а најголем број на хонорарно ангажирани лица има кај реализаторскиот кадар (74 лица).

**Структура на вработените во комерцијалните телевизии**

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 319 | 278 | 40 | 1 | 250 | 69 |
| Уредници | 65 | 56 | 9 | 0 | 56 | 9 |
| Управители/директори | 33 | 25 | 8 | 0 | 32 | 1 |
| Технички кадар (инженери и техничари) | 104 | 28 | 75 | 1 | 91 | 13 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 366 | 133 | 233 | 0 | 292 | 74 |
| Маркетинг | 44 | 32 | 12 | 0 | 33 | 11 |
| Преостанат кадар | 154 | 55 | 99 | 0 | 104 | 50 |
| **Вкупно** | **1085** | **607** | **476** | **2** | **858** | **227** |

Според нивото на емитување телевизиска програма, најголема разлика помеѓу редовно вработениот кадар и хонорарно ангажираните лица имало кај телевизиите кои емитуваат програма на државно ниво преку терестријален мултиплекс, каде редовно вработени биле 84 %, а само 16 % биле хонорарно ангажирани. Слична била состојбата и кај телевизиите кои емитуваат програма на државно ниво преку неограничен ресурс, каде што 78 % од кадарот бил во редовен работен однос, а 22 % биле хонорарци.

За разлика од телевизиите на државно ниво, кај регионалните и локалните телевизии уделот на лицата со хонорарен ангажман е значително поголем. Така, во регионалните телевизии 65 % биле редовно вработени, а 35 % хонорарно ангажирани. Кај локалните телевизии 60 % од вработените биле во редовен работен однос, а 40 % работеле со хонорарен ангажман.

Ваквата структура на вработените во телевизискиот сектор е директно поврзана со финансиската стабилност на телевизиите. Телевизиите на државно ниво располагаат со значително поголеми финансиски средства и имаат можност најголем дел од кадарот да го вработат во редовен работен однос. За разлика од нив, регионалните и локалните телевизии располагаат со ограничени финансиски средства поради што е и поголем процентот на хонорарно ангажирани лица.

Вработени во редовен работен однос и хонорарно ангажирани според нивото на емитување телевизиска програма




Најголем дел од ангажираните лица кај комерцијалните телевизии работеле како реализаторски кадар – режисери, сниматели, монтажери и друг сроден кадар. Во оваа

категорија биле ангажирани 366 лица, односно 34 % од вкупниот број вработени во комерцијалните телевизии.

Втора најзастапена категорија се новинарите, со 319 лица или 29 % од вкупниот број ангажирани лица. Овие две категории заедно опфаќале речиси две третини од вкупниот кадар, што укажува дека најголем дел од човечките ресурси во телевизискиот сектор биле насочени кон подготовка, производство и реализација на програмските содржини.

Кај телевизиите на државно ниво (терестријални, сателитски и телевизиите кои емитуваат програма преку кабел) доминантно било учеството на реализаторскиот кадар, додека во регионалните и локалните телевизии преовладувала новинарската професија.

Структура на вработените според работни места




Преостанатиот кадар учествувал со 14 % во вкупниот број вработени. Другите категории биле застапени со помал удел од 10 %, при што уредниците учествувале со 6 %, вработените во маркетинг со 4 %, а управителите со 3 %.

79 % од лицата ангажирани кај комерцијалните телевизии биле во редовен работен однос, додека 227 лица или 21 % биле хонорарно ангажирани. Редовниот работен однос е доминантен кај сите категории кадар.

Кај комерцијалните телевизии биле вработени значително повеќе мажи од жени – 702 мажи наспроти 383 жени (319 мажи повеќе отколку жени). Единствена категорија каде бројот на жени бил поголем од бројот на мажи е новинарскиот кадар. Во сите останати категории – уредници, управители, технички кадар, реализатори и преостанат кадар доминирале мажите.

Родова застапеност на вработените во комерцијалните телевизии




Степенот на образование на вработените во телевизискиот сектор се разликувал во зависност од видот на работните задачи, така што кај новинарите, уредниците, управителите и во секторот маркетинг доминирале лица со високо образование, додека кај техничкиот, реализаторскиот и преостанатиот кадар поголем дел од вработените имале средно образование.

Со високо образование биле 607 лица (56 %), со средно образование 476 лица (44 %) и само две лица имале друг степен на образование.

Структура на вработените според степенот на образование

| Кадар | ВСС | ССС | друго |
|---|---|---|---|
| Новинари | 278 | 40 | 1 |
| Уредници | 56 | 9 | 0 |
| Управители/директори | 25 | 8 | 0 |
| Технички кадар | 28 | 75 | 1 |
| Реализаторски кадар | 133 | 233 | 0 |
| Маркетинг | 32 | 12 | 0 |
| Преостанат кадар | 55 | 99 | 0 |
| **Вкупно** | **607** | **476** | **2** |

Од вкупно 319 новинари, 278 имале високо образование, односно 87 %. Кај уредниците овој процент изнесувал 86 %, кај управителите 76 % и кај вработените во секторот за маркетинг 73 %. Најголем удел на вработените со средно образование имало кај техничкиот кадар - 72 %. Кај реализаторскиот и преостанатиот кадар лицата со средно образование учествувале со по 64 %.

Што се однесува до етничката припадност на вработените, 823 биле Македонци, 218 биле Албанци, 19 Бошњаци, 15 Турци, пет Срби, четири Роми и еден Влав.

Најголем број Македонци (288 лица) работеле како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар. И кај вработените од албанска националност најзастапена била оваа категорија на вработени (66 лица). Речиси исто толку Албанци биле вработени и како новинари (63 лица).

Структура на вработените во комерцијалните телевизии според етничка припадност



## Структура на вработените во комерцијалните радиостаници

Во 2025 година во комерцијалните радиостаници биле ангажирани вкупно 316 лица. Најголем дел од нив, односно 40 % (127 лица), работеле во локалните радиостаници. Ова се должи на фактот што локалните радиостаници се најбројни, односно од вкупно 57 комерцијални радиостаници кои емитувале програма во 2025 година, 39 биле на локално ниво, 14 на регионално ниво, а четири радиостаници на државно ниво. Во регионалните радија биле ангажирани 36 % (114 лица), додека во радиостаниците на државно ниво работеле 24 % (75 лица) од вкупниот број вработени.

**Број на радиостаници и вработени во радиосекторот**




Иако поголем дел од вработените биле во редовен работен однос (188 лица), значаен бил бројот и на оние со хонорарен ангажман (128 лица). Речиси половина од ангажираните лица не биле постојано вработени, што укажува на значителна зависност на радиосекторот од хонорарни соработници. Од вкупно 57 радиостаници, во 13 радија бројот на хонорарно ангажираните лица бил поголем од оној на лицата во редовен работен однос.

**Структура на вработените во комерцијалните радиостаници**

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 115 | 88 | 27 | 0 | 63 | 52 |
| Уредници | 44 | 25 | 17 | 2 | 38 | 6 |
| Управители/директори | 35 | 17 | 18 | 0 | 28 | 7 |
| Технички кадар (инженери и техничари) | 45 | 10 | 32 | 3 | 30 | 15 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 30 | 8 | 20 | 2 | 18 | 12 |
| Маркетинг | 18 | 12 | 6 | 0 | 6 | 12 |
| Преостанат кадар | 29 | 15 | 13 | 1 | 5 | 24 |
| **Вкупно** | **316** | **175** | **133** | **8** | **188** | **128** |

И покрај тоа што локалните радиостаници имале најмногу вработени, значаен дел од вработените во редовен работен однос биле во четирите радиостаници на државно ниво, каде што работеле приближно една третина (27 %) од редовно вработените во радиосекторот. Лицата со хонорарен ангажман, биле речиси подеднакво застапени во вкупниот број хонорарци, поточно 40 % од хонорарците работеле во локалните, а 41 % во регионалните радиостаници.

**Вработени во редовен работен однос и хонорарно ангажирани според ниво на емитување радиопрограма**




Вработеноста во комерцијалните радиостаници покажува стагнирање со оглед на тоа дека во споредба со претходната година вкупниот број на вработени останал речиси непроменет (во 2024 година радиосекторот броел 315 лица). Во целина, бројот на вработени во редовен работен однос се намалил за пет лица, а бројот на хонорарци се зголемил за шест лица.

Најброен бил новинарскиот кадар со 115 вработени (36 % од вкупниот број вработени). Од нив, во радиостаниците на државно ниво биле вработени 29 лица, во регионалните радиостаници 41 лице, а во локалните 45 лица. По новинарите, еднакво учество во структурата на вработените имале техничкиот кадар  и уредниците со по 14 %.

Структура на вработените според работни места




Во сите комерцијални радија биле ангажирани 182 мажи и 134 жени. 45 % од мажите работеле како техничари и новинари, при што двете категории биле речиси подеднакво застапени, односно 41 лице биле вработени како новинари, а 40 лица како технички кадар.

Повеќе од половина од жените (55 %) биле ангажирани како новинарки. Освен кај новинарскиот кадар, каде што биле побројни од мажите за 33 лица, поголема застапеност на жените имало и во секторот за маркетинг, каде што нивниот број бил само за четири лица поголем од бројот на мажи.

Родова застапеност на вработените во комерцијалните радиостаници




Што се однесува до степенот на образование на вработените, 55 % биле со завршено високо образование, 42 % биле со средно, а 3 % биле со друг степен на образование.

Новинарството била доминантна професија кај лицата со високо образование, односно 88 лица работеле како новинари, додека најголем број од вработените со средно образование, 32 лица, биле ангажирани како инженери и техничари.

Структура на вработените според степенот на образование

| Кадар | ВСС | ССС | друго |
|---|---|---|---|
| Новинари | 88 | 27 | 0 |
| Уредници | 25 | 17 | 2 |
| Управители/директори | 17 | 18 | 0 |
| Технички кадар | 10 | 32 | 3 |
| Реализаторски кадар | 8 | 20 | 2 |
| Маркетинг | 12 | 6 | 0 |
| Преостанат кадар | 15 | 13 | 1 |
| **Вкупно** | **175** | **133** | **8** |

Во сите радија заедно биле вработени 267 Македонци, што претставува 84 % од вкупниот број вработени во радиосекторот. Најголем дел од нив биле ангажирани како новинари (100 лица).

Вработените од другите националности учествувале со 16 %, при што 36 лица биле од албанска националност, шест лица од српска, четири од турска, две од ромска и едно лице влашка националност.

Структура на вработените во комерцијалните радиостаници според етничка припадност




Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
директор,

_______________________

д-р Зоран Трајчевски